# Кори Тен Бум

Автор: Барбера Нуитгедагт
Изведувач: Сузана Гилмор

ВАЖНО!
Илустрациите за овие серии можат да се купат од повеќето канцеларии на МЕД и онлајн продавници. За да најдеш список на канцелариите на МЕД, како и на онлајн продавниците, посети ја страницата www.teachkids.eu/mk и кликни на „Локации“.

Copyright © 2002 Child Evangelism Fellowship of Europe.
Сите права се задржани. Употребено со дозвола. Смее да се умножува за лична, непрофитна и некомерцијална употреба.
За комплетните детали во врска со правата посети ја страницата www.teachkids.eu/mk

# СОДРЖИНА


Прва глава *Добриот Пастир* 3

Втора глава *Среќно семејство* 6

Трета глава *Во Божјото училиште* 9

Четврта глава *Исус е победник* 12

Петта глава *Скитник за Господа* 15


## Важни датуми во животот на Кори Тен Бум

| | |
|---|---|
| 1892 | Родена во Харлем, Холандија |
| 1897 | го примила Исус за своја Спасител на возраст од пет години |
| 1921 | Мајка ѝ умира |
| 1962–40 | работи во клубот за девојки |
| 1940 | германската војска ја окупира Холандија |
| 1942 | започнува ’Божјото подземје’ |
| 1944 | затворена; татко ѝ умира; потоа сестра ѝ Бетси |
| 1945 | ослободувањето на Холандија |
| 1949 | Кори започнува да патува за Господ |
| 1983 | Кори умира на својот 91 роденден (15 Април) |

**Прашањата за повторување за секоја глава ќе ги најдете на крајот од овој текст.**

# Прва глава
# Добриот пастир

Цел: Да се надмине стравот преку Господовата моќ.

Псалм 46:2 "*Затоа нема да се уплашам, па макар и земјата да се разниша, и горите да се преместат во срцето морско.*"

**Слика 1-1**

"Погледни Ноли! Има едно страшно животно на аголот од прозорецот. Можам да го видам сосема јасно во темнината." Се разбира дека такво страшно животно нема, но едно мало четиригодишно девојче можело лесно да си замислува дека тоа е навистина таму! Кори имаше среќа што нејзината сестра Ноли, која беше шест години, спиеше со нејзе во истиот кревет. "Може ли да те држам за твојата пижама (ношница), Ноли? Така нема да ми биде страв", рекла Кори. Но кога Ноли сакаше да се сврти на другата страна, неможеше, бидејѓи малата рака на Кори сѐ уште цврсто ја држеше нејзината пижама. Тешко е да се спие кога тоа ви се случува. Така, следната ноќ, Ноли ѝ рече на својата мала сестричка: "Не ми е удобно кога ме држиш за пижамата, Кори. Подобро држи се за пижамата на твојата кукличка; и тоа исто помага!" Ноли беше во право; тоа ѝ помогна на Кори!

Следното утро кога Кори се пробуди, куќата веќе беше полна со живот. Бетси, другата сестра на Кори ѝ помогна да се облече. Мајка ѝ долу си пееше, а Вилијам (нејзиниот постар брат) бараше чисти чорапи. Трите тетки (кои живееа во истата куќа) можеше да се чујат како разговараат меѓусебе. На појадокот мајката налеваше чај, додека тетка Ана го сечеше лебот; татко ѝ го разгледуваше Псалмот од Библијата којшто сакаше да му го прочита подоцна на семејството.

Малата Кори не можеше повеќе да разбере зошто се плашела порано толку многу. Наскоро нејзиниот брат и сестрите заминаа на училиште, а Кори можеше да ѝ помага на тетка Ана во куќата. Тетка Ана дошла да живее со нив, бидејќи мајка ѝ била често болна, и тогаш таа неможела да се грижи за семејството, онолку колку што сакала. Тетка Ана ги лупеше компирите, а Кори ги ставаше во вода. Внимаваше да не испрска многу! Понекогаш тетка ѝ ќе ја замолеше да ѝ донесе нешто од долу. Кога тетка Ана месеше нешто вкусно, ѝ дозволуваше на Кори да го излиже садот. Се разбира тие разговараа многу заедно, а тетка Ана раскажуваше случки за "старите добри денови".

"Кога беше мало бебе, постојано плачеше; тогаш јас ќе те завиткав во мојот скутник и те носев на грб. Тоа веднаш те замолчуваше."

"Јас бев МНОГУ малечка во тоа време, нели тето?"

"Да, беше. Не можам да те ставам на грб сега, ти си многу поголема!"

"Те молам, раскажувај ми за старите добри денови, тетка Ано".

**Слика 1-2**

Тетка Ана не беше единствената која раскажуваше убави работи! И мајка ѝ исто можеше! Она што Кори најмногу го сакаше беа Библиските случки. Мајка ѝ ѝ раскажуваше за пастирот кој имал сто овци и кој многу добро се грижел за нив. Овие овци и јагниња се чувствувале навистина безбедно со пастирот. Никогаш не се плашеле, бидејќи знаеле дека тој ги заштитува. Но, еден ден, една од овците заскитала. Колку ли само била уплашена таа мала овца, сосема сама во темнината! Знаете ли што направил пастирот, кога забележал дека една од овците исчезнала? Тој отишол да ја бара овцата и не престанал да ја бара додека не ја пронашол. Колку ли бил среќен додека ја носел дома на своите рамења!

Господ Исус рекол, "Јас сум Добриот Пастир". Тој сака да се грижи за тебе, исто како што пастирот се грижи за овците. Тој рекол: "Добриот пастир го дава својот живот за своите овци". Тој умре на крстот и воскресна за тебе; Тој ја зеде казната што ти ја заслужуваш за лошите работи што ги правиш. И затоа, Бог може да го опрости сиот твој грев. Во Библијата се вели: "Сите скитавме како овци, и секој одеше по својот пат" (Исаија 53:6). Господ Исус, Добриот Пастир, те сака. Ако се свртиш кон Него и побараш од Него да те спаси, Тој ќе ти го прости гревот и ќе те направи Негово дете, Негово јагне.

Кори многу ја сакаше ТАА случка! Мајка ѝ требаше повторно и повторно да ѝ ја раскажува.

Кори имаше пет години кога побара од Господ Исус да ѝ ги опрости гревовите и да дојде во нејзиниот живот. Таа знаеше дека Исус беше нејзин пријател и дека Тој засекогаш ќе биде со нејзе, дури и во темнината. Таа повеќе не се плашеше навечер кога беше в кревет. Таа повеќе немаше потреба да се држи за пижамата на Ноли, ниту за пижамата на кукличката. Наместо тоа, започна да Му зборува на Господ Исус кога беше темно. Таа Му кажуваше сѐ. Ти неможеш да го видиш Господ Исус, но Тој може да те види и Тој слуша сѐ што Му кажуваш без разлика колку нежно зборуваш.

**Слика 1-3**

Има толку многу луѓе во светот кои имаат потреби. Ако си Христијанин, треба да се молиш за нив и да се обидеш да им помогнеш. Сосема близу до нивната куќа беше Смедестраат (улицата на ковачите). На таа улица имаше многу пијаници. Затоа тие често се караа и започнуваа да се тепаат. Кори мразеше тепаници. Секогаш кога ќе видеше луѓе кои се тепаа, трчаше дома плачејќи. Кога има-

ше голема тепаница, ќе дојдеше полиција и ги одведуваше луѓето во полициската станица. Еден ден Кори виде како полицијата одведува некои луѓе. "Овие луѓе ги ставаат во темна, ладна ќелија," таа си мислеше. "И можеби се многу тажни и осамени во затворот." Неможеше ли Кори НИШТО да направи за овие луѓе?

Само Бог можеше да ги промени нивните животи. Но Кори можеше да се моли за нив. Навечер пред да заспие таа разговараше со Бог за она што се случуваше тој ден. Таа ги завршуваше молитвите со: "И, Господе, те молам, ќе ги спасиш ли сите луѓе од Смедестраат?"

Многу години подоцна, кога Кори порасна, таа отиде на кампирање со една група девојки. Една ноќ кога Кори им зборуваше на нив за Господ Исус Христос, една од девојките ѝ кажа: "Знаеш ли дека јас сум ти речиси во комшии? Живеам само една улица подолу од твојот дом, на Смедестраат!"

"И јас исто така!" рече друга девојка.

"Мајка ми порано живееше таму," рече една друга.

Тогаш групата девојки почнаа да си зборуваат, а знаете ли за што? Дека тие живееја сега на Смедестраат, или таму живееле, или, пак, нивниот татко или мајка порано биле сместени таму. И тоа беа девојките кои Кори ги поучуваше за Господ Исус. Многу од нив побараа од Господ Исус да биде нивни Спасител. Бог ја беше одговорил детската молитва на Кори: "Господе, ќе ги спасиш ли луѓето од Смедестраат"?

**Слика 1-4**

Кори одеше накај дома со мајка ѝ и Ноли, а лицето ѝ беше бело како лист. "Ужасно е", си мислеше, "страшно е". Кога пристигнаа дома, таа истрча нагоре по скалите во нејзината соба и се наслони врз шкафот со полици. Се чувствуваше болна. Солзи извираа од нејзините очи. Што се случило? Заедно со мајка ѝ и Ноли, Кори беше да посети едни многу сиромашни луѓе тоа попладне. Тие живееја на најгорниот дел во една стара куќа, кадешто имале само една соба. Во таа соба тие требале да спијат, јадат, готват, перат, да прават сѐ. Но тоа не беше она што ја разболе Кори. Не, имаше дури и нешто полошо. Малото бебе кое се родило во таа куќа, умрело. Кога Кори, мајка ѝ и сестра ѝ влегоа во собата, го видоа малото мртво дете како лежи во лулка. Девојчињата го допреа само за момент мртвото дете, но кога Кори почувствува колку беше ладно детето, толку се потресе што истрча кај мајка ѝ и си ја удри главата од нејзиниот скут. Одеднаш Кори сфати што значи смртта и дека еден ден сите ќе умрат, татко ѝ, мајка ѝ, Бетси, Вилијам, Ноли, тетките. Само помисли ако сите тие умрат, таа ќе остане сосема сама...

"Кори, готова е вечерата! Слези долу!" викаше Ноли. Полека Кори се симна по скалите. Таа седна на јајцевидната маса со другите. Не сакаше да ја јаде вечерата.

"Кори, душо, касни само малку, сѐ уште ништо не си пробала." Кори пополека го цвакаше својот сендвич. Таа погледна во семејството кое седеше околу нејзе и си мислеше: "Само помисли дека..."

Јас мислам дека мајка ѝ на Кори разбра зошто таа изгледше пребледнето, но Кори не се осмелуваше да каже ниту збор. Можеби и ти си се почувствувал исто како и Кори - нешто те мачи, но едноставно неможеш да го споделиш со никого за тоа како се чувствуваш.

**Слика 1-5**

Кога заврши јадењето, татко ѝ ја дофати својата Библија. Тој започна да чита од Псалм 46. Во вториот стих се вели, "Затоа нема да се уплашам, па макар и земјата да се разниша, и горите да се преместат во срцето морско." Во тој момент Кори сфати дека што и да се случува, Бог е секогаш со Своите чеда. Многу тивко, така што само Господ Исус можеше да го чуе тоа, таа започна да се моли: "Исусе, знам дека секогаш ќе си со мене. Но Те молам дозволи моите роднини да бидат со мене уште многу време. Тие ќе бидат доволно долго на небо, јас не можам без нив."

Кога Кори беше в кревет таа ноќ, татко ѝ влезе за да ја заспие. Тој тоа го правеше секоја ноќ. Сега кога беше насамо со татка си, се осмели да му каже од што таа се плашеше. "Тато, се плашам дека вие ќе умрете и јас ќе останам сосема сама."

Татко ѝ тешејќи ја, ѝ го погали лицето на Кори. "Кори", тој рече, "кога треба да патуваш некаде со возот, кога ти давам пари за билетот? Дали две недели порано?"

"Не, се разбира не. Токму пред да заминам."

"И нашиот Небесен Татко го прави истото со нас. Ако мајка ти, јас, или твоите тетки треба да умрат, само тогаш Бог ќе ти даде сила да ја поднесеш таа тага. Но штом тоа сѐ уште не се случило, ти не треба да се плашиш сега."

Кори се смири. Никогаш, дури и кога порасна, таа не заборави што ѝ беше кажал татко ѝ тогаш.

Можеби се плашиш дека нешто стравотно ќе ти се случи, иако веруваш во Господ Исус. Можеби се плашиш дека некој кого го сакаш ќе умре, или ќе ти провалат дома, или некој ќе те удри додека одиш в училиште. Немој да се срамуваш од тоа што се плашиш. Кажи Му на Господ Исус и Тој ќе ти помогне. Тој ќе ти даде сила да се соочиш дури и со најголемите потешкотии кои можеш да си ги за замислиш. Но штом овие стравотни работи сѐ уште не се случиле, ти не треба од тоа да се плашиш.

(Учителе: Многу деца имаат вистински стравови. Додека го поучуваш овој дел од расказот, можеш да разговараш со децата за нивните стравови.)

**Слика 1-6**

Мало девојче стоеше на скалите. Тоа носеше чисто фустанче, црни чорапи, и високи чизми кои беа затворени со копчиња. Така се облекуваа девојчињата во тоа време. Но можеше да се види од лицето на девојчето дека беше многу уплашено и налутено. Тоа ги имаше поставено стапалата цврсто на подот и се држеше за оградата на скалите со двете раце, колку што можеше поцврсто.

"Не сакам да одам во училиште. Не сакам да одам во училиште. Сакам да седам дома!"

"Но Кори, на школо ќе научиш да читаш."

"Јас можам веќе да читам!"

"И ќе можеш да научиш математика..."

"Тато може да ме учи математика!"

"Но не сакаш ли да си играш со другите деца?"

"Не, не сакам! Морам да ѝ помагам на тетка Ана, и да се грижам за Каспарина, куклата."

"Што е проблемот?" праша татко ѝ. Тој сакаше да знае што се случува.

"Кори не сака да оди во училиште."

"Но сите кои имаат шест години одат во училиште. Ти треба да учиш!"

"Сакам да седам дома, се плашам да одам во училиште."

"А тоа ли е? Се плашиш да одиш сама во училиште? Па, тогаш двајцата ќе одиме заедно."

Господинот Тен Бум си ги облече капутот и шеширот и се оптегна да ја дофати раката на Кори. Но Кори се држеше цврсто за оградата на скалите со сите десет прсти. Сепак, прстите на татко ѝ беа посилни и тој го отпушти секој еден од тие десет мали прсти од оградата. Тогаш тој ја зграпчи нејзината дланка цврсто во неговата и ја одведе на училиште.

Можеш ли да ги замислиш двајцата тие како одат по улицата? Тој висок убаво облечен господин, оди надолу по улицата, држејќи го своето мало девојче за раката. Лицето на Кори беше црвено и полно со солзи, таа плачеше, "Не сакам да одам, не сакам да одам на училиште."

Но татко ѝ беше цврст и одлучен. Тој ја носеше низ целиот пат, до училницата. Тогаш ќе ја бакнеше за збогум, кажувајќи ѝ, "Кори душо, кога ќе заврши училиштето во дванаесет часот, јас ќе те чекам тебе!"

Така беше три дена, но на третиот ден Кори виде еден друг татко кој доаѓаше со расплачено дете во неговите раце. "О, колку е ова глупаво!" Кори си размислуваше и таа сфати, "Јас самата така се однесувам!" Засрамена, таа престана да плаче.

Татко ѝ повеќе немаше потреба да ја влече за во училиште. Таа одеше на школо со Ноли. И знаете ли дека таа откри оти училиштето најпосле и не е толку лошо! Многу е убаво кога сам можеш да решиш тешка равенка, или кога го знаеш одговорот на некое тешко прашање и учителот ќе ти каже: "Одлично!"

Братучетка ѝ на Кори, Дот, беше на иста возраст со нејзе. Заедно тие си играа во големата црква во Харлем. Татко ѝ на Дот се грижеше за одржувањето на таа црква, и не му пречеше ако девојчињата си играа таму. Едно доцна попладне, како што се стемнуваше, Кори погледна во нејасното вечерно светло кое светеше низ бојадисаните прозорци. Тоа ја потсети дека Исус е светлината на светот. И тоа ја направи да се чувствува среќна.

"Кори, ајде да си одиме дома, се плашам!" рече Дот.

"Се плашиш?" Кори не разбираше. "Како може да ти е страв, ако Господ Исус е токму тука со тебе и мене?"

## Втора глава
## Среќно семејство

Цел на лекцијата: Да се сфати важноста да Му служиме на Господ уште од рана возраст.

Псалм 1:1,3 "*Блажен е човекот кој не оди по советот на нечесните... Тој е како дрво засадено покрај водни потоци, што донесува плод во секое време.*"

(Учителе: Добро би било да изнесеш во расказот дека холандскиот збор за дрво е "бум". (Тој ќе биде како "Бум"...) Семејството Тен Бум го земало овој стих како охрабрување од Господ, кога ги примиле вестите дека Бетси и Кори биле пренесени во Равенсбруцк.)

**Слика 2-1**

"Кори, дали си спремна? Ајде да одиме!" Татко ѝ на Кори беше часовничар; тој поправаше часовници и рачни саати. Требаше да оди во Амстердам да најде делови.

Долу, татко ѝ ја чекаше Кори. Горе Бетси ѝ го беше измила лицето и рацете со сапун; таа исто така гледаше Кори да облече чисто фустанче. Бидејќи кога одиш со тато во Амстердам, треба да си дотерана.

"Кори душо, изгледаш убаво денес!" рече татко ѝ. "Дај ми ја раката и одиме."

Тие отидоа со воз. Кори можеше да го има седиштето покрај прозорецот. Имаше многу да се види! Најпрво куќите внатре во градот, потоа големите куќи на богатите луѓе, и потоа ливадите со крави и овци. После половина час тие можеа да ги видат куќите од Амстердам. Централната станица во Амстердам е сместена покрај вода. Таму можеш да видиш многу бродови. На врвот од еден столб имаше висок железен часовник, така што луѓето од бродовите можеа добро да го видат. Две подвижни раце беа поставени на тој часовник. Тие покажуваа право, но точно во дванаесет часот напладне (ни секунда подоцна!), рацете се придвижуваа надолу. Ако имаш среќа да се наоѓаш на добро место во Централната станица, ќе можеш тоа да го видиш исто и оттаму. Подоцна, кога тие привршија со посетувањето на специјализираните продавници кои продаваа делови за часовници, Кори и татко ѝ отидоа да го видат тоа.

Од продавниците татко ѝ купуваше разни работи кои му беа потребни за да ги поправа часовниците. Речиси сите луѓе кои ги водеа продавниците беа Евреи и добри пријатели со татко ѝ на Кори. Тие секогаш имаа колаче за Кори. Дома тешко некогаш имаа пари за колачиња, така што можеш да разбереш колку многу ѝ значеше вакво честење.

Кори и татко ѝ гледаа да се вратат во Централната станица до пладне. Дома, семејството Тен Бум имаа еден посебен часовник кој точно го означуваше времето. Сите часовници кои татко ѝ на Кори ги поправаше се местеа по него. Но часовникот во Амстердам беше дури и поточен. Двете раце се спуштија надолу точно во дванаесет часот. Татко ѝ на Кори стоеше на прсти за да не го пропушти тоа. Хм! Се спуштија долу! Тој погледна во својот часовник. "Две секунди порано," тој си запиша во бележникот. На враќање дома, тој ќе го намести нивниот часовник точно до секунда.

По патот накај дома тие разговараа во возот. Кори можеше да го праша татка си за разни работи, штом тетките не беа таму. Татко ѝ ниту едно нејзино прашање не го сметаше чудно и секогаш искрено ѝ одговараше. Понекогаш татко ѝ мислеше дека Кори е многу мала да знае одредени работи. Тогаш тој ќе кажеше нешто како ова: "Кори, ќе можеш ли да ја носиш оваа тешка торба полна со делови за часовници?"

"Не тато," одговори Кори, претешка е за мене."

"Така е, Кори. Се додека си многу мала, јас ќе ја носам торбата. На ист начин, има одредени работи во животот за кои ти си многу мала да ги знаеш сега. Доволно е што тато и мама го знаат тоа."

Кори многу го сакаше татко ѝ. Всушност тој ја потсетуваше на Бог, Таткото на Господ Исус, Кој исто беше нејзин татко, бидејќи таа Му припаѓаше на Господ Исус. Кори веруваше во Господ Исус. Таа знаеше дека Тој умрел и воскреснал. Таа имаше побарано од Него да ја спаси од нејзините гревови. Можеби татко ти е умрен или не живее повеќе со тебе. Запомни Бог сака да се грижи за тебе, да ти помогне и да те утеши, кога си тажен. Тој никогаш не ти се смее. Ако веруваш во Господ Исус, Бог секогаш ќе биде со тебе за да се грижи за тебе. Тој никогаш нема да те изневери.

**Слика 2-2**

Кога пристигнаа дома, тетка Ана секогаш имаше подготвено јадење. Таа го правеше колку што можеше поубаво и повкусно. Тоа не беше лесна работа да се направи за девет луѓе, а понекогаш дури и повеќе, кога имаш само малку месо, неколку зеленчуци и два - три компира.

Тетка Ана не работеше за семејството Тен Бум сосема за ништо. Секоја недела таткото ѝ даваше по еден гулден (холандски пари). Тоа беше многу пари во тоа време, во раната 1900 година. Често се случуваше во среда кога требаше да им се плати на пекарот, месарот или продавачот на зеленчук, да нема останато пари. Тогаш таткото одеше кај тетка Ана и ќе ѝ шепнеше: "Ана, дали сѐ уште го чуваш твојот гулден?"

Тој гулден беше секогаш таму. Не мислам дека тетка Ана кога било го трошела тој гулден за себе си.

Како што реков, понекогаш имаше повеќе од девет луѓе во куќата. Гостите беа секогаш добредојдени во семејството Тен Бум; тоа беше едно посебно време. На масата стоеше една мала конзерва, кадешто се ставаа пари за мисиски работи. Секогаш кога нешто посебно ќе се случеше, госпоѓа Тен Бум ставаше по една паричка од еден цент во малата конзерва. Таа ја нарекуваше "благословена кутија". Таа вечер имаа два гостина и тоа беше една добра причина да се стави еден цент во благословената кутија. Всушност тетка Ана немаше изброено дека имаат два дополнителни госта, така да таа ја разводени супата и излупи уште неколку компири. На гостите не им пречеше разводнетата супа и малото парче месо што го добија.

**Слика 2-3**

Имаше интересни разговор за време на јадењето; тие не разговараа за други луѓе или работи кои не се важни. Имаше една пријатна атмосфера кадешто гостите се чувствуваа како дома. Најмногу од сè тие забележаа дека Господ Исус му беше значаен на секого во домот и дека Тој беше присутен во секој разговор. Двајцата гостини слушаа внимателно додека таткото прочита неколку стихови од Библијата, на крајот од јадењето. Еден од гостите имаше проблем и сакаше насамо да разговара за тоа со таткото. "Дојди во работилницата", рече господинот Тен Бум.

Откако зборуваа заедно, тие се молеа. Таткото знаеше дека Бог можеше да го реши секој проблем. Зарем самите тие не го искусуваа тоа често? - Кога таткото незнаеше да поправи некој скршен часовник; кога мајката беше болна; и тогаш кога на таткото не му останиваа пари, бидејќи некој го беше измамил. Во вакви моменти тие научија дека Господ го има одговорот за проблемите, било тоа да се проблеми со пари, или некоја болест, било нешто тажно да им се случило, или некој лошо им се заканувал. И не само тоа-Господ ја дава радоста, дури и кога одиме низ многу тешки проблеми.

Можеби си мислиш дека животот е единствено убав кога имаш многу пари и можеш да носиш скапа облека, да купуваш убави играчки и да имаш долги одмори во далечни места. Овие се прекрасни работи, но не можат да те утешат кога си тажен. Може ќе дојде време кога ќе ги изгубиш сите тие работи. Тие не можат никогаш вистински да те направат среќен. Ако твоето семејство нема доволно пари да си дозволи работи кои чинат многу пари, не биди тажен за тоа. Бог не сака да си им љубоморен на другите момчиња и девојчиња кои можат да имаат такви работи. Биди благодарен за сè што имаш.

Најважната работа во животот е да Му припаѓаш на Господ Исус. На крстот Тој ја зеде казната за сите лоши работи кои ги правиме. Тој умре, но повторно оживе и се врати на небо. Тој сака да живее во твоето срце и живот. Тој сака да ти ги опрости гревовите и да те направи она што Тој сака ти да бидеш, така што еден ден ти ќе можеш да бидеш со Него на небо засекогаш. Можеш да Го побараш Него во својот живот токму сега. Кажи Му: "Драги Господе Исусе, сум правел лоши работи. Фала ти што умре на крстот за мене. Опрости ги моите гревови и управувај со мојот живот." Тој ветува дека ќе дојде, ако Го побараме (Откровение 3:20). Тој ќе ти даде радост и мир, кои никој не може да ти ги одземе.

**Слика 2-4**

Како што беше тетка Ана, имаше уште две други тетки во куќата: Тетка Бети и тетка Жана. Децата многу не ја сакаа тетка Бети. Таа некогаш била гувернанта на децата од богатите семејства. Се разбира и овие деца биле понекогаш непослушни исто како и другите деца, но тетка Бети како да го имаше заборавено сето тоа.

Кога Кори или Бетси ќе задоцнеа за вечера, тетка Бети ќе кажеше: "Децата од семејството Волер никогаш не доцнат." Кога Кори ќе се слизнеше по оградата на скалите, тоа беше нешто што децата од семејството Волер никогаш не би го направиле. Изгледало дека ним никогаш не им течеле носовите, немале нечисти раце или нечисти чевли, ти се верува ли тоа?

Всушност не ѝ беше лесен животот на тетка Бети. Луѓето во тие богати семејства не биле секогаш љубезни со неа. Затоа таа станала таква мрморка. Госпоѓа Тен Бум секогаш се обидуваше да биде љубезна со тетка Бети за да не се чувствува дека мрмори.

Тетка Жана била омажена за проповедник (свештеник). Мажот ѝ умрел пред таа да влезе во четириесеттите години, така што и таа се преселила кај семејството Тен Бум. Таа беше многу весела. Работеше преку цел ден. Пишуваше книги и поеми, а започна да издава и месечно списание за помлади жени. Тетка Жана добиваше мала пензија како вдовица, секој месец. Не ја задржуваше за себе си. Купуваше облека за девојчињата. Беше убаво понекогаш да се добие нова облека. Сепак за жал тетка Жана немаше вкус кога се работеше за облека. На Ноли и Бетси особено не им се допаѓаше кога тетка Жана ќе се вратеше дома со уште еден неубав, сив фустан или со шапка каква никое друго девојче не носеше. (Во тоа време девојчињата носеа шапки.) Кори беше единствената на која тоа толку не ѝ пречеше, така што тетка Жана, многу од шапките и фустаните ѝ ги даваше нејзе.

Понекогаш тетка Жана ќе се вратеше дома со нешто навистина убаво - торта, на пример, иако на никого не му беше роденден. Тоа беше нешто посебно. Подоцна, кога Кори порасна, таа напиша за тетка Жана, "верувам дека таа е најбогатиот човек кој кога било сум го запознала, бидејќи таа беше некој кој сакаше да им дава на другите".

**Слика 2-5**

Во Харлем, во Холандија, имаше касарни за војници, а имаше и многу војници во градот. Еден ден кога тетка Жана одеше по улицата, таа забележа дека војниците се излежуваа во своето слободно време. "Тоа не е добро", си мислеше таа. "Ако овие луѓе немаат задолженија и се досадуваат ќе западнат во неволи. Нешто треба да се направи, но што?"

Одеднаш на тетка Жана ѝ дојде идеја. Зошто да не се отвори еден клуб за војници, така што тие ќе одат таму во своето слободно време наместо да се досадуваат. И уште подобро од тоа, ќе можат да слушнат за Господ Исус Христос во тој клуб.

Кога тетка Жана ќе наумеше нешто да направи, не поминуваше долго време додека тоа да се реализира. Набргу војници почнаа да доаѓаат во собата која тетка Жана ја имаше подготвено. Тие сакаа со нешто да се занимаваат. Еден водник кого тетка Жана го беше запознала во трамвајот, ја виде нејзината мала оргaна во аголот на собата и побара да му дозволи да свири на неа. "Се разбира," рече таа, и набргу звукот од органската музика можеше да се чуе насекаде низ куќата. Никој од семејството Тен Бум не можеше да свири толку добро. Тетка Жана слушаше, исполнета со воодушевување. Кога тој заврши со свирењето, таа го праша, "Ќе можеш ли да ги научиш моите две внуки Ноли и Кори да свират на органата?"

"Се разбира," рече водникот. На Кори и Ноли им се допадна тоа многу, бидејќи уживаа во музика. Набргу тие свиреа толку добро, така што можеа да придружуваат некој кога пее.

**Слика 2-6**

Наскоро се собираа многу војници во собата на тетка Жана, така што таа стана премала за да ги задржи сите нив. Но тетка Жана, како и секогаш, имаше решение. Еден ден сите помогнаа темелно да ја исчистат собата, да го исполираат приборот за јадење на тетка Жана и да се потрудат сè да биде како што треба. Тоа попладне немаше посета од војници, но од аристократски, богати госпоѓи. Можеш ли да погодиш каква врска имаа тие со војниците?

Госпоѓите се искачија по тесните скали до собата на тетка Жана и пиеја чај. Тогаш тетка Жана започна да раскажува.Таа кажуваше за војниците кои безделничеле во Харлем и на кои им било потребно место каде ќе одат, за да го поминат своето слободно време на еден корисен начин. Собата каде што тие се собираа сега, беше премала. Всушност еден центар за разонода беше потребен, каде што тие ќе се чувствуваат како дома.

Идејата им се допадна на госпоѓите и тие дадоа пари да се изгради центар за воените лица. Штом центарот се изгради, тетка Жана одеше таму двапати неделно да одржува библиски поуки. Ноли и Кори одеа со нејзе за да свират на органата. Тие исто и пееја за војниците. На тој начин научија да прават нешто за Господ на мала возраст. Подоцна во животот, Кори требаше да им кажува на многу луѓе за Господ Исус. Таа тоа сè уште не го знаеше, но Бог знаеше. И кога беше мала Господ ја водеше, така што во центарот таа имаше можност да научи како да зборува за Спасителот пред поголеми групи луѓе.

Бог има план и за твојот живот исто така - за сега, додека си сè уште мал и за понатаму кога ќе пораснеш. Само помисли како можеш уште од сега да започнеш да правиш работи за Господ Исус. Сè што правиш за Господ сега, тоа исто така те подготвува тебе за она што можеш да го правиш за Него подоцна.

(Ова е добра можност да се споделат идеи со децата, како уште отсега тие можат да прават нешто за Господ Исус, никоја работа за Господа не е премала.)

## Трета глава
## Во Божјото училиште

Цел: Да ги научиме лекциите на кои Бог нè поучува низ животот.

Псалм 32:8 "*Ќе те учам, ќе ти го покажам патот по кој треба да одиш.*"

Дали би бил среќен кога не би требало да одиш повеќе на училиште? Нели е тоа прекрасно? Тогаш ќе можеш да си играш преку цел ден. Но нема да можеш да научиш да читаш и никогаш нема да можеш да уживаш во некоја интересна, возбудлива книга. Нема да научиш математика, така што нема да можеш да пресметаш колку пари имаш досега заштедено за скирол. Без разлика дали ти се допаѓа училиштето или не, таму учиш работи кои ти се потребни сега, а и понатаму исто така.

Има едно друго "училиште" каде што се сите христијани, додека не заминат на Небо да бидат со Господ Исус. И ти си во тоа "училиште" ако си Го прифатил Господ Исус за свој Спасител. Бог е нашиот учител во тоа "училиште". Тоа не е такво училиште на кое ние најчесто помислуваме - со учител кој стои пред класот. Господ нè поучува нас преку Библијата, преку други христијани и преку работи кои ни се случуваат во нашите животи, без разлика дали се убави или тажни.

**Слика 3-1**

И Кори исто така беше во училиштето на Бог. Кога беше мало девојче научи дека не треба да се плаши во темницата, бидејќи Господ Исус беше со неа. Научи дека треба да ги сака сиромашните луѓе и да се моли за нив. Таа исто така научи дека сите треба да слушнат за Господ Исус.

Во Божјото училиште, ти учиш најмногу од работите кои самиот ги искусуваш. Кога Кори порасна, таа се разболе еден ден. Отиде на лекар, кој ја испита и ѝ рече: "Кори, ти имаш туберкулоза. Оди си дома и лежи в кревет; само одморот може да те излекува."

Во тоа време, туберкулозата беше една многу опасна болест. Вистинскиот лек за лекување на болеста сè уште не беше откриен. Многу луѓе умреа од туберкулоза.

Вестите дојдоа како еден голем шок за Кори. Таа се врати дома и отиде право в кревет. На почеток, многу луѓе дојдоа да ја посетат; сепак, таа остана подолго време болна, и се помалку и помалку луѓе доаѓаа. Таа само лежеше в кревет. Не сфати зошто Бог дозволи да биде толку осамена и болна. Му беше лута на Бог. Но Бог ја научи да го прифати фактот дека беше болна, иако таа не разбра зошто. Во тоа Божјо училиште, Кори научи да каже: "Фала Ти, Господе", иако беше понекогаш болна и осамена.

Еден ден Кори имаше болка во стомакот. Повикаа лекар и тој откри дека таа нема туберкулоза, како што мислеше; имаше воспаление на слепото црево. Отиде право в болница; и по операцијата таа беше повторно сосема здрава.

**Слика 3-2**

Бетси, постарата сестра на Кори, поучуваше во Неделно училиште. Еден ден таа ѝ предложи: "Кори, зошто не дојдеш следниот пат да раскажеш случка од Библијата? Случката за нахранувањето на петте илјади луѓе."

На Кори не ѝ преЫеше. Таа го знаеше расказот сосема добро, така што си мислеше дека ќе може да им го раскаже на децата. Децата добро слушаа. Но дали тетка Кори ќе може да нè учи нас исто толку добро како тетка Бетси? Бидејќи кога таа раскажуваше беше исто како и ти самиот да си дел од расказот!

По пет минути Кори го заврши расказот. Децата беа изненадени; тоа беше пребрзо! Кори ја гледаше Бетси беспомошно; не знаеше што да каже повеќе. Сепак Бетси ја презеде работата од Кори и ја раскажа целата случка одново.

"Никогаш повторно нема да го правам тоа," рекла Кори кога се вратиле дома. "Ама не," рекла Бетси. Немој да имаш такво лошо мислење за себеси. Не е важно ако не помина толку добро првиот пат. Ќе научиш со време." За среќа, Кори не се откажа. Една од нејзините другарки беше учителка во едно христијанско училиште. Кори ја замоли ако таа може да им раскажува библиски случки на децата во нејзиното одделение неколку пати неделно. Другарката ѝ помогна; и така Кори научи да поучува толку добро што сите деца сакаа да ја слушаат. Кори дури и доби посебна дозвола да дава верски поуки во училиштата. Пред Кори да отидеше во некое училиште да поучува, таа бараше од Бог да ѝ покаже што Тој сакаше таа да поучува.

Едно од училиштата кое Кори посети беше училиштето за ретардирани деца. Некои од нив не можеа да запаметат што се поучуваше на другите часови во училиштето; но тие се сеќаваа на библиските лекции кои Кори ги кажуваше, бидејќи беа за Господ Исус и тие започнаа да Го сакаат Господ Исус. Не можеа да собираат; не можеа да разбираат географија; но разбираа дека Бог не ги сака лошите работи кои тие ги направиле и дека Господ Исус умре на крстот да ги исправи работите меѓу Бог и нив. Дали тоа беше поради тоа што тетка Кори можеше да раскажува од Библијата толку добро? Не! Тоа беше бидејќи тие веруваа во Господ Исус. Светиот Дух им ги објаснуваше тешките работи од Библијата во нивните срца. Светиот Дух го прави истото и за тебе, ако сакаш да Му припаѓаш на Господ Исус. Многу од работите во Библијата се претешки што дури и еден паметен професор

нив не може да ги разбере. Но ако Светиот Дух ни ги разјасни овие работи, тогаш дури и мало дете, или едно ретардирано дете, може да разбере.

Кори исто така започна служби во црквата во недела попладне за ментално ретардирани лица. Овие луѓе не ги разбираа обичните служби во црквата, а пак беа превозрасни за часовите во неделното училиште. Многу ретардирани луѓе Го запознаа Господ Исус. А луѓето кои беа ментално здрави, беа изненадени за начинот на кој тие Го сакаа Господ Исус.

**Слика 3-3**

Кори сакаше да прави многу работи. Еден ден таа му кажа на татка си, "Сакам да бидам часовничар."

"Тоа е убаво," рече татко ѝ. "Се надевам дека ќе станеш подобар часовничар од мене." Беше зачудувачки што татко ѝ го рече тоа! Тој беше еден од најдобрите часовничари во Холандија. Кори никогаш не стана толку добра како татко ѝ. Работеше напорно, а ѝ беше и доделена диплома за часовничар - првата дама часовничар која добила диплома во Холандија.

Поправањето часовници беше добра подготовка во работењето за Господ. Тоа е ситничарска работа за која е потребно многу трпение, а и ако сакаш да работиш за Господ, треба да си трпелив. Кори се научи на тоа кога поправаше часовници. Деловите во часовникот се многу мали. Кога поправаш часовник, раката не смее ниту најмалку да ти се затресе. Тогаш Кори ќе се помолеше, "Господе Исусе, ќе ја ставиш ли твојата рака врз мојата?" И нејзината рака не се тресеше повеќе.

Годините одминуваа. Многу работи се променија во семејството Тен Бум. Трите тетки остареа и умреа. Мајката беше болна подолго време, а и таа исто така замина да живее со Господ Исус. Ноли и Вилем се оженија и имаа свои деца. Сега беа само татко им, Бетси и Кори кои живееја во семејната куќа на улицата Бартејорис, во Харлем.

Но не за долго! Една вечер Вилем дојде да ги посети. Тој им кажа за некои мисионери кои требало да одат во Индонезија и кои не можеле да си ги земат децата со себе, бидејќи немало училишта за нив таму. Така момчето Харди и двете момички Пацк и Ханс, дојдоа да живеат со семејството Тен Бум. Тие едноставно уживаа да престојуваат во Б.Ј. - името кое тие ѝ го дадоа на куќата на семејството Тен Бум. Тие не беа единствените. И други момички дојдоа да живеат со семејството Тен Бум исто така. Набргу куќата беше полна; тоа беше едно големо среќно семејство!

**Слика 3-4**

Бетси готвеше и се грижеше за облеката. Кога ќе сошиеше фустанче за некое од девојчињата, ќе им напишеше писмо на родителите и им испраќаше парче од материјалот - за да видат каков е. Мисионерите не можеа да си дозволат да плаќаат за соба и за сместување на нивните деца. Семејството веруваше дека Господ ќе се погрижи за потребите. На пример, кога Кори ќе дојдеше со вест дека продала скап часовник, радост бликало. "Сега ќе добијам нов фустан!" ќе извикало едно од нив. "А јас ќе добијам нови чевли," друго дете ќе извикало.

Дедото беше многу горд со децата во својата куќа. "Тие се многу слатки и послушни," му рече тој една вечер на еден посетител. "Никогаш не се караат."

Кори се насмевна. "Ох, татко, љубовта е слепа!" си рече во себеси. Таа тукуштo ја беше испратила Пацк горе по скалите, бидејќи викаше: "Ја мразам Тини!" Тини беше едно од другите девојчиња кое престојуваше во куќата. Подоцна таа вечер, Кори се искачи горе за да разговара со Пацк.

"Пацк, знаеш ли дека е многу лошо да мразиш некого? Тоа е исто толку лошо како да убиеш. Господ Исус ни кажува дека ние треба да ги сакаме нашите непријатели."

"Но јас не можам да ја сакам Тини."

"Ако Му припаѓаш на Господ Исус, Неговата љубов е во твоето срце. Со Неговата љубов ти можеш да ја сакаш Тини. Зошто не Му дадеш можност на Господ да ти помогне да ја сакаш Тини?"

Тие се молеа заедно. Пацк Му кажа на Господ дека ѝ е жал бидејќи ја мразеше Тини; побара од Бог да ѝ прости и да ѝ помогне да ја сака Тини. Потоа, Пацк и Тини станаа другарки.

Многу години подоцна, кога Пацк беше во Индонезија, беше ставена во Јапонски затворски камп. Стражарите беа многу немилосрдни. Беше многу тешко да се сакаат едни такви луѓе. Нејзе сигурно ѝ требаше Господ да ѝ помогне во тоа. Беше добра работа што Пацк го имаше тоа веќе научено во Божјото училиште, во Б.Ј. Дали ги мразиш другите? Дали си научил да сакаш и да простуваш?

**Слика 3-5**

Веројатно досега можеше да разбереш дека никој не може да се досадува во куќа со човек како Кори. Кори формира клуб за девојките од Харлем. Имаше разни работи што таму можеа да се прават, како рачни изработки, да се учи музика или гимнастика. Но без разлика во која група одеа девојките, тие можеа да слушнат за Господ Исус. Многу девојки не доаѓаа во клубовите да слушнат за Господ Исус, но едноставно за да уживаат. Една од нив беше Ани, која стана член во групите за пеење, англиски и гимнастика. Кори исто така беше во групата за гимнастика, но не заради тоа што беше голем спортист. Понекогаш таа не успеваше да се извлече од кариките и девојките доаѓаа да ѝ помогнат да слезе долу. На сред час во клубот таа ќе свирнеше со свирката. Сите девојки доаѓаа и седнуваа околу

нејзе. Тогаш Кори им кажуваше нешто за Господ Исус. Потоа, се продолжуваше со гимнастика, како и претходно. Ани првпат таму слушна за Господ Исус.

Еден ден таа многу му се налути на учителот по гимнастика. За да му наштети, му ги заши двете ногавици од панталоните и му стави вода во чевлите. Кори толку се налути што ѝ кажа на Ани да не доаѓа во клубот три недели. Сепак, следната недела таа се појави повторно. Кори ништо не рече.

За време на летото организираа кампови за девојките. Децата од Б.Ј. (семејната куќа) одеа за да помагаат. На тој начин и тие можеа да имаат одмор. Тие научија толку многу на камповите, што подоцна започнаа и свои кампови. Девојките со сигурност уживаа на камповите. Понекогаш девојките не се однесуваа добро. Една од нив одеше во сонот. Кори беше загрижена за тоа и таа секојпат внимателно ќе ја вратеше назад в кревет. Сепак, едно утро испадна дека овој месечар исто така имал и добар апетит бидејќи таа ноќ, таа ги изела сите чоколади.

**Слика 3-6**

Ноќта, околу логорскиот оган, сите беа сериозни. Тие пееја заедно и разговараа за Бог. Ани, девојчето за кое тукушто ви раскажував, беше еден од тие кампери, исто така. Беше многу тажна и во депресија, бидејќи тукушто беше се скарала со нејзиното момче. Една темна ноќ, седејќи околу огнот, Кори рече: "Кога си во невола и не го знаеш одговорот, кажи Му на Господ за тоа. Тој го има твоето минато, твојата сегашност и твојата иднина во Своите раце."

Токму тогаш и таму Ани поверува во Исус Христос како во свој Господ и Спасител. Потоа кога беше тажна и во депресија, таа секогаш се потсетуваше на она што Кори го кажа и тоа ѝ помагаше. Дали понекогаш се чувствуваш тажен? Запомни, ако си поверувал во Господ Исус, Тој го има твоето минато, сегашност и иднина во Своите раце.

Во 1939 година избувна Втората светска војна во која беше зафатена и Холандија. Подоцна, клубовите од видот какви што имаше и Кори, не беа дозволени повеќе. Во тајност, Кори се сретна со неколку девојки само уште еднаш. Додека ја пееја националната химна (Вилхелмус), девојките почнаа да плачат.

"Девојки, не смееме да плачеме", рече Кори. "Добро се забавувавме, но најважната работа е дека слушнавме за Господ Исус. Тој го има нашето минато, нашата сегашност и нашата иднина во Своите раце, дури и во несигурни времиња, како и за време на оваа војна." Тоа беше едно многу тешко време за Кори и за девојките, но тие научија многу лекции во Божјото училиште.

Бог знае дека има важни лекции за животот кои можеме да ги научиме ако поминуваме низ неволи и потешкотии. Во такви времиња ние учиме повеќе да Му веруваме и да сме послушни на Неговата волја. Дали си поминувал низ тешки времиња неодамна? Дали ги учиш важните лекции на кои Бог сака да те поучи во Неговото училиште? Слушај го Божјото Слово! Прави го она што ти го кажува! Имај целосна доверба во Господа!

## Четврта глава
## Исус е победник

Цел: да се сфати дека Господ е со Неговите чеда, без разлика каде се тие.

Римјаните 8:38 и 39: "*Зашто уверен сум дека ни смртта, ни животот, ни ангелите, ни власттие, ... ниту кое-годе друго создание, не ќе може да нè одвои од Божјата љубов.*"

**Слика 4-1**

Кори и татко ѝ заедно се шетаа по улицата. Одеднаш г-дин Тен Бум ја поведе Кори од спротивната страна, до еден излог. Погледнаа на малечкиот знак залепен на прозорецот, и солзи почнаа да течат од нивните очи. На знакот пишуваше: "Овде не им се продава на Евреи" (Евреите се потомци на Авраам - луѓето кои Бог ги избра за посебна цел).

"Ох, Кори", рече татко ѝ. "Колку е ова страшно, а се случува дури и во Харлем!"

Низ целиот Харлем, а и низ целата Холандија можеа да се видат такви знаци. На Евреите им беше забрането да се возат со трамвај, да одат на театар, да се шетаат во парковите. Луѓето Евреи требаше да носат голема жолта ѕвезда на ракавите од палтата, а и да имаат напишано "Евреин", така што секој можеше веднаш да знае кој е Евреин.

Како можеше да се случи такво нешто? Во Германија на власт дојде еден многу зол човек по име Адолф Хитлер. Тој ги убеди Германците да извршат инвазија врз Европа. Започнаа со Австрија, Полска, Данска, Норвешка, потоа следуваа други земји, па дојдоа и до Холандија, каде што живееја Кори и нејзиното семејство. Нацистите, како што ги нарекуваа привржаниците на Хитлер правеа многу лоши нешта. Најлошото од сè беше тоа што тие беа решени да ги погубат сите избрани Божји луѓе, Евреите.

Членовите на семејството Тен Бум многу ги сакаа Евреите. Тие имаа читано за нив во Библијата. Па и Господ Исус беше роден во еврејско семејство. Бог беше Оној Кој ја стави љубовта за Неговите луѓе во срцата на семејството Тен Бум.

Не помина долго и тие со солзи на очите гледаа кога една група германски војници со сила и со викање принудија луѓе да се качат во едно полициско комбе. Дали тие луѓе беа криминалци? Не, тие едноставно беа Евреи. Подоцна, овие луѓе ги носеа во логори во Германија и Полска, каде што беа убивани.

"Кори", рече таткото. "Мислам дека Бог ќе ги казни овие луѓе за она што го прават. Тие допреа во зеницата на Божјото око." Зеницата во окото е најчувствителниот дел на твоето тело. Кога некој ќе го допре тоа, тогаш страшно боли.

Кори се молеше: "Господи, јас сакам да направам сè што можам за да ги спасам Твоите луѓе."

**Слика 4-2**

Се случуваше нешто многу чудно. Многу луѓе доаѓаа на посета во домот на семејството Тен Бум. Изгледаше дека сите тие имаа потреба да им се поправат часовниците. Можеше да видиш како многу млади момчиња и девојчиња одат таму. Па зарем сите тие имаа доволно пари за да си купат часовник? Кори беше таа која ги примаше муштериите. Човекот кој беше следен на ред од џебот извади женски часовник.

"Мојата сопруга сака да знае дали можете да го поправите овој часовник. Постојано застанува." Ова беше посебна шифра. Пораката значеше дека има некој Евреин на кој му треба помош за да побегне.

Трес! Се затвори вратата на продавницата. Претходниот муштерија си замина. Сега останаа само Кори и човекот со часовникот.

"Тоа е една млада жена" - прошепоти тој.

"Имаме за неа место во Гронинген" - прошепоти Кори. "Кажи ѝ да се подготви и да нè чека кај градината."

Заедно шепотеа уште малку и се договорија што точно треба да направи таа жена. Тогаш ги наведнаа главите и Кори се помоли: "Господе Исусе, Те молиме да го благословиш овој план и да ја спасиме оваа жена. Амин."

Кога човекот си замина, тој пак го врати часовникот во џебот. Нешто подоцна заѕвони телефонот. Личноста од другата страна рече: "Испратете го часовникот на тој човек во фабриката, овде не можеме да го поправиме." Знаете ли што значеше тоа? Тоа значеше: "Имаме една адреса каде што можеме да скриеме Евреи".

Сега разбирате зошто толку многу луѓе доаѓаа во домот на Тен Бум. Многу мажи и жени, па дури и деца, ѝ помагаа на Кори да ги крие Евреите во куќи на разни луѓе. Заради тоа што ова се правеше во тајност, тоа се викаше "работа во илегала." Кори ги нарекуваше сите луѓе кои ѝ помагаа "Божји илегалци". Тие го работеа ова затоа што го љубеа Господ Исус и Неговите луѓе.

**Слика 4-3**

"Вечерата е подготвена!" - Повика Бетси.

Масата беше поставена за девет луѓе. Тие дојдоа од секаде: Кори од продавницата, таткото од работилницата, а им се придружија уште шест луѓе кои тајно живееја во нивната куќа. Овие луѓе беа нарекувани "бегалци." Тројца од нив беа момци кои не сакаа да бидат фатени од тајната полиција за да работат во Германија во воена фабрика; другите

тројца беа "часовници" - Евреи; две жени, Марија и Теа, и еден маж Еуси.

Сите среќно разговараа додека јадеа. Одвреме-навреме гласно ќе се насмееја затоа што некој ќе кажеше некоја убава шега. И тогаш, одеднаш: "ѕврррн" - низ целата куќа се слушна звукот на ѕвончето. Тоа значеше опасност. Сите скокнаа. "Бегалците" грабнаа сè што беше нивно и потрчаа во собата на Кори. Во еден од ѕидовите на нејзината соба имаше скришна врата. Тие ползејќи поминаа низ таа врата во една тајна соба. Таа малечка соба беше широка само 1 метар. Таму седеа наполно притаени, а срцата забрзано им чукаа. Не се осмелуваа ниту да се закашлаат, или, пак, да кивнат. "Ќе сакате ли повторно да слезете?" - по неколку минути се слушна глас. За среќа, тоа беше гласот на Кори. Ова не беше вистинска рација од Гестапо (како што се нарекуваше тајната полиција) туку беше само вежба. Кори ѝ помогна на Марија да исползи од собата. Другите веќе беа излегле.

"Добро е што не јадеме многу, па можеме лесно да се провлечеме низ дупката."

"Се надевам дека Гестапо никогаш нема вистински да се појави" - проговори Теа.

А сепак, точно за тоа и се подготвуваа. Ако Гестапо извршеше упад во куќата, сите требаше што поскоро да се скријат. Куќата мораше да изгледа како во неа да живеат само еден стар човек и две немажени ќерки. Сите овие вежби не беа многу забавни и се случуваа во најчудни делови од денот. Често пати Бетси на бегалците ќе им дадеше слатки по секоја ваква вежба.

"Честитки!"-рече Кори држејќи во раката штоперица. "Постигнавте нов рекорд. Десет секунди побрзо отколку минатиот пат." Иако сè уште збивтаа и беа потресени, луѓето сепак продолжија да јадат.

Откако завршија со оброкот, таткото на Кори ја зеде Библијата. "Денес ќе читаме од Псалм 91: "Тој што живее под закрилата на Севишниот ќе почива и под сенката на Семоќниот."

"Ти благодарам, Господе Исусе, дека ти си нашето вистинско тајно место" - Кори се молеше во нејзиното срце.

Еуси за миг помисли на својата жена и малечкото бебе кои беа скриени на некое друго место. Тој не знаеше каде се. Но знаеше дека има ангели околу куќата на Тен Бум. Тој се молеше Бог да ги испрати ангелите да ја чуваат неговата жена и детето.

Едно друго попладне повторно се слушна ѕвончето низ целата куќа. Но овојпат тоа не беше вежба. Некој беше забележал дека Кори крие во куќата Евреи и тоа му го кажал на Гестапо. Шестемина кои се криеја одвај успеаја да се скријат во тајната соба. Таму останаа цели четири дена. Холандската полиција подоцна им помогна да побегнат и да се скријат на друго место. Во меѓувреме Гестапо ги затвори сите кои беа во куќата - вклучувајќи ги Бетси, Кори и нивниот татко. Гестапо го прегледа целото место барајќи ја тајната соба, но не успеа да ја најде. Тројцата од куќата беа однесени во полициската станица, а следниот ден во затворот Шевенинген.

Десет дена по апсењето, господинот Тен Бум умре. Тој замина да биде со Господ Исус на небото, каде нема таги. Таму ќе ги сретне луѓето кои верувале во Господ Исус и кои верувале дека Тој беше казнет на крстот за лошите дела кои тие ги направиле. Г-дин Тен Бум веруваше во Господ Исус. Тој толку многу го љубеше својот Спасител што на сите им кажуваше за Него. За господинот Тен Бум беше чест да ги спасува Евреите од рацете на Гестапо. Бог исто така му дозволи да страда заради Евреите, зеницата на Божјото око.

Треба да ни биде чест кога Бог ќе нè избере тебе и мене да страдаме поради Христос. На пример, кога на другите на училиште ќе им кажеш дека веруваш во Бог, а тие ти се потсмеваат. Или, пак, ако во недела одиш в црква, наместо да одиш да играш со твоите пријатели, а тие не се среќни поради тоа.

Можеби страдањето не ни се допаѓа, но Бог го дозволува во нашите животи за да ни помогне да станеме послични на Господ Исус. Тоа за кусо време нè натажува; но кога ќе стигнеме на небото, ќе сфатиме дека малкуто страдање што сме го имале на земјата е премногу безначајно споредено со славата да се биде со Исус.

**Слика 4-4**

Речиси сите кои биле уапсени биле ослободени по два месеца, освен Бетси и Кори. Ако Господ Исус не бил со нив, се прашувам дали ќе издржеле. Следното нешто за нив било тоа што тие, заедно со илјадници други жени, биле згнетени во вагони за добиток и испратени за Германија. По едно ужасно патување што траело неколку денови, тие пристигнале во женскиот концентрационен логор во Равенсбург. Од Холандија со себе смееле да понесат само неколку работи, но тие биле најважните за нив: син волнен џемпер кој Бетси го носела бидејќи била болна, едно шише витамински капки, и најскапоценото нешто - малечка Библија.

Меѓутоа, кога влегле во зградата каде што требало да се регистрираат, вчудоневидени забележале дека треба да оставаат сè, буквално сè.

Но што ќе стане со нивното шишенце со витамини, со волнениот џемпер и со Библијата? "Ох, Господе Исусе" - тивко се молела Кори, "нам многу ни треба Твоето Слово во овие страшни околности, не само за нас туку и за сите овие други жени. Ќе ни дозволиш ли да го зачуваме?" Лицето на Бетси се извиличило од болка. "Кори, мора да отидам во тоалет."

"Господине", Кори му се обратила на еден стражар, колку што може пољубезно.

"Мојата сестра не може да издржи повеќе." Човекот не изустил ниту збор, туку покажал кон една врата. Кори ја отворила вратата, но не видела тоалет.

"Господине, ќе ми кажете ли каде се тоалетите?" Прашала таа еден друг стражар.

"Крши глава!" ѝ се развикал и ја затворил вратата зад нив. Сега двете биле сами во просторијата со тушеви, само тие две. Одеднаш Кори разбрала дека тие повторно ќе се вратат овде, заедно со други стотици жени, за да се истушираат и да бидат облечени во затворска облека која веќе ги чекала надвор. "Бетси" прошепотила таа. "Соблечи го џемперот! Бргу!" Кори бргу ги замотала витаминските капки и малечката Библија во џемперот и ги скрила под една клупа. Тогаш двете се вратиле во собата каде што ги евидентирале.

Бог никогаш не те остава сам. Подоцна, кога Кори и Бетси пак влегле во просторијата со тушевите, на излегување секоја од нив носела само еден тенок затворенички фустан и еден пар чевли. Меѓутоа, Кори имала и мала грпка: тоа била Библијата и витаминските капки ставени во малечка торбичка кои виселе на нејзиниот врат. Таа исто така изгледала и подебела: поради џемперот на Бетси. Сите жени биле три пати проверени за да се осигураат стражарите дека не успеале нешто тајно да пренесат со себе. И Бетси била проверена, но Кори ниту еднаш.

Можеби Кори се сетила на времето кога била малечко девојче и кога му рекла на татко ѝ: "Тато, се плашам дека сите вие ќе умрете."

"Кори", ѝ рекол тогаш татко ѝ. "Ако треба да патуваш со воз, кога ти ги давам парите за билет?" "Се разбира, пред да заминам од дома" - одговорила Кори. "Кори" - тогаш рекол татко ѝ, "ако нашиот небесен татко дозволи да ни се случат лоши нешта, во тој момент Тој ќе ни ја даде силата да издржиме. Но не треба да се плашиме од тоа пред да дојде времето."

Во тој страшен концентрационен логор Господ Исус им помогнал да поминат низ многу големи тешкотии и искушенија. Тој дури им дозволил да видат како се случуваат чуда. Тие веќе искусиле едно чудо (кога стражарите не им ја одзеле Библијата, џемперот и витаминските капки); но требало да се случат и други нешта.

**Слика 4-5**

Во бараката 28 спиеле Кори и Бетси заедно со уште најмалку 1400 други жени. Тоа била највалканата барака што можете да ја замислите. Кога првпат влегле внатре, забележале дека местото е полно со болви. Во тој момент Кори помислила на нејзиниот дом, каде што Бетси беше суредила сè и каде што сè било убаво наместено и чисто. Кори проговорила: "Бетси, не можеме да издржиме со сите овие болви!" Затоа Бетси се молела: "Господи, покажи ни што треба да направиме." Тогаш сфатила: "Кори, се сеќаваш ли што читавме ова утро? "Бидете благодарни за сè." Ние мора да Му благодариме на Господ за болвите."

"Бетси, јас ќе Му благодарам на Бог за сè, но не и за овие болви."

"Кори, во Библијата пишува: 'Бидете благодарни за сè.' Ова не се однесува само на убавите нешта, туку и на оние кои не се толку добри."

Тогаш тие заедно Му заблагодариле на Бог, што Тој дозволил тие да бидат заедно и да можат да им го кажат Евангелието на другите жени. Бетси дури Му благодарила на Бог и за сите болви. Меѓутоа, Кори не се согласила со Бетси да благодари за болвите. Ако ти си христијанин, дали си научил да бидеш благодарен во секоја ситуација? Прекрасно е тоа што е Господ со нас секогаш. Библијата вели дека: "Сè содејствува за доброто на оние кои Го љубат Бога"(Римјаните 8:28)-дури и најтешките работи. Затоа можеме да сме благодарни во секоја ситуација.

Една вечер сите седеле во еден агол од бараката под единствената малечка ламба која светела. Кори читала од Библијата. Околу нив имало други жени. Цел ден тие работеле како робови и биле мачени од жените чувари. Тие внимателно слушале додека Кори читала од Библијата. "Кој ќе нè одвои од љубовта на Христос? Маки ли, или пак тешкотии, или пак прогонство, или глад, или голотија, или страдање?"

Изгледало како овие зборови да биле напишани точно за жените во Равенсбург. Овие жени секојдневно ги искусувале оние нешта за кои Кори читала. Кори продолжила да чита: "Не, во сето тоа ние сме повеќе отколку победници преку Оној Кој нè љуби. Зошто јас сум уверен дека ниту смртта, ниту животот... ниту што и да било друго, може да нè одвои од љубовта на Господ, во Христос Исус, нашиот Господ."

Лицата на жените се исполниле со радост. Сред целата таа беда тие искусиле малку од небото. Жените тивко почнале да пеат, многу тивко, затоа што ако ги слушнела некоја од жените-чувари, таа ќе дојдела да види што прават и тогаш ќе се најделе во невола! Чуварите во овој логор Библијата ја нарекувале "книга полна со лаги". Секој заробеник кој ќе бил фатен со Библија бил казнуван со смрт. Било многу чудно што ниту една жена стражар никогаш не влегла во бараката, а влегувале во сите други. Еднаш, од некоја причина, една од затвореничките отишла да повика една од стражарите, но таа одбила да дојде во бараката 28. "Барака 28!" - рекла таа со гадење, "нема да одам таму: тоа место е полно со болви!" Тоа била причината што тие слободно можеле да ја читаат Библијата и да разговараат меѓу себе. Сега и Кори можела да Му благодари на Бог за болвите.

**Слика 4-6**

Една вечер Бетси ја разбудила Кори. "Зошто не ме оставиш да спијам? Знаеш дека сум многу уморна!" - промрморила налутено Кори.

"Прости, Кори. Бог ми кажа нешто и јас морам да ти го кажам веднаш; инаку ќе го заборавам."

На Кори ѝ било жал што така се однесла кон сестра си. Си ги доближиле главите под палтото кое го користеле како ќебе и Бетси почнала да зборува.

"Кори, овој логор е создаден за да ги уништи луѓето. По војната ние мора да се обидеме да најдеме ваков логор, целосно да го реновираме со прекрасни бои и многу цвеќиња. Тогаш ќе можеме во него да собереме луѓе кои го загубиле својот дом во текот на војната. Во Холандија има една прекрасна куќа која ќе мора некако да ја купиме, за да можеме во неа да ги собереме луѓето кои толку многу пострадале во концентрационите логори, за да можат нивните умови и нивните срца да бидат излекувани од сите овие страшни нешта кои ги искусуваат."

"А дали и ти и јас ќе живееме во таа куќа?" - прашала Кори. Ќе беше прекрасно да може да се живее во прекрасна куќа, со градина полна со убави цвеќиња, особено по животот во ова сиво валкано место - логор. "Само кратко време, Кори. Тогаш мораме да одиме по целиот свет и да им кажеме на сите луѓе насекаде дека, колку и да е голема бедата, Господ Исус Христос е секогаш поголем. Тие ќе ни веруваат, затоа што и ние го искусивме тоа."

Кори сакаше уште да продолжи да зборува, но Бетси веќе заспа.

Бетси никогаш не поживеа во таа прекрасна куќа. Таа умре неколку дена подоцна; Господ Исус ја зеде во една уште поубава куќа, во домот на Неговиот татко на небото.

А што се случи со Кори? Некој во канцеларијата на концентрациониот логор направил "грешка". Случајно, тој ослободил жена која не требало да биде ослободена. Но кога ја откриле грешката, жената веќе била во Харлем. Таа жена била... Кори. Ако таа останела во кампот, и таа ќе умрела. Но Бог не сакал таа да умре. Бог сакал Кори да го направи она што Тој ѝ го кажал на Бетси. Божјата волја требало да се исполни. Колку било тешко за Кори и за Бетси да живеат во тој концентрационен логор. А сепак Господ бил со нив и тоа им ја дало сета сила која им била потребна. Зарем не е прекрасно да се знае дека Господ ветува оти ќе биде со неговите чеда, каде и да се тие? Тој рекол: "И ете, Јас Сум со вас секогаш" (Матеј 28:20). Ништо не може да нè одвои од љубовта на Бог.

# Петта глава
# Скитник за Господа

Цел на лекцијата: Да се поучат децата за важноста да се следи Божјото водство.

Матеј 28:19,20: "*Затоа одете и направете од сите народи Мои ученици (...) и еве, Јас Сум во вас во сите дни до крајот на светот.*"

**Слика 5-1**

"Госпоѓице, можете ли да ми дадете билет за следниве градови: Хон Конг, Сиднеј, Аукланд, и назад за Сиднеј, од таму право за Кејптаун, потоа за Тел Авив, и најпосле за Амстердам?"

Девојката од туристичката агенција во Тајван гледаше зачудена во старата госпоѓа пред себе, која тукушто нарача билети да оди во сите овие градови. Дали сакаше да ги посети своите внуци?

"Можете ли да ми ја кажете вашата крајна дестинација?", девојката учтиво запраша. "Мојата крајна дестинација е небото," старата госпоѓа одговори. "Извинете, госпоѓо, ќе ве молам повторете уште еднаш да запишам?" "Н. Е. Б. О. Т. О.", старата госпоѓа повтори. Кога девојката забележа што запишала на листот, започна да се смее. "Не мислев на тоа," рече таа. "Јас, пак, мислев на тоа" старата госпоѓа ѝ се насмевна. "Но тоа не треба да го запишеш; јас веќе имам билет за небото." "Билет за небото?" Девојката беше сега многу љубопитна. Старата госпоѓа го забележа тоа и беше готова да објасни што мислеше. "Пред околу две илјади години Некој ја плати цената за мене, за да можам јас да одам на небото. Неговото име е Исус и Тој ја плати цената кога умре за моите гревови на крстот." "Госпоѓата е во право," се вмеша еден машки глас. Тоа беше еден кинески службеник кој токму тогаш влезе во туристичката агенција.

Старата госпоѓа се заврте и го запраша:

"Дали имаш билет за на небо?"

"Да, имам," се насмевна тој. "Кога јас сè уште бев дете и живеев во Кина, го прифатив Исуса за мој Спасител од гревот."

"Слушни ме сега", рече Кори, зборувајќи ѝ на девојката од зад работната маса.

"Задолжително набави си билет за на небо. Ако се обидеш да патуваш со авион без билет, ќе имаш невола. Но ако сакаш да одиш на небо без потребниот билет, ти си во уште поголема невола. Зборувај со овој млад човек за тоа; тој го знае патот за на небо."

Кори се отпоздрави и се врати во хотелот каде што престојуваше.

Дали си подготвен да заминеш на небо еден ден, да бидеш со Господ Исус? Има само еден начин. Треба да се свртиш кон Хритос и да побараш од

Него да те спаси од твојот грев. Тој умре и воскресна за грешници, како тебе и мене. Библијата ни кажува дека секој кој верува во Него ќе има простување за гревовите (погледај во Дела на апостолите 10:43). Ќе повеваш ли во Него да те спаси? Можеби се прашуваш: Како Кори стигна до Тајван? Како успеа да има доволно пари да плати за едно такво скапо патување? Тоа е долга приказна.

**Слика 5-2**

Се сеќавате од минатиот пат како Кори и сестра ѝ Бетси беа сместени во еден ужасен затворенички логор. Една ноќ Бог ѝ покажа на Бетси што да направи за да им помогне на другите затвореници. Таа ја разбуди Кори за да ѝ го каже сето тоа. Кога тие ќе бидат отпуштени од логорот и кога војната ќе заврши, ќе треба да најдат куќа за да се погрижат за луѓето кои страдале во воените логори како и тие. Потоа, двете ќе треба да одат насекаде и да им кажуваат на другите за Господ Исус Христос. Се разбира, тоа ќе чини многу пари; но тие не треба да се грижат за тоа, бидејќи Бог беше нивниот Небесен Татко, а Негов е и добитокот кој пасе по илјадниците гори (Псалм 50:10). Така, ако им беа потребни пари, нивниот Небесен Татко ќе требаше само да продаде една од кравите. Кори секогаш имаше доволно пари за нејзината голема задача. Христијаните ѝ даваа пари на Кори без таа да им побара.

Бетси мислеше дека наскоро ќе биде ослободена; притоа таа рече: "Пред Нова година двете ќе бидеме пуштени на слобода." Тоа се случи на начин на кој Бетси не си замислуваше. Бог ја ослободи Бетси со тоа што ја одведе на небо. Таму таа никогаш повеќе нема да биде болна; никогаш повеќе нема да чувствува болка; таму ќе биде засекогаш со Господ Исус, за Кого им имаше кажано на многумина.

Кори беше отпуштена од воениот логор. Луѓето можеби си мислеа дека тоа беше случајност, но Бог раководеше со сето тоа.

Кори замина дома од Равенсбрук со обичен воз. По патот таа Му даде ветување на Бог. Вети дека Нејзиниот живот ќе биде целосно Негов, отсега па натаму. И Кори или тетка Кори како што многу луѓе ја викаа, си го одржа зборот. Со помош на пријателите изнајми куќи и набргу по војната целата куќа беше полна со луѓе кои многу беа страдале по воените логори. Таму им беше помогнато да се соочат со секојдневниот живот. Тоа не беше лесно.

Знаете ли која беше најтешката работа да се научи таму? Да им се прости на луѓето кои толку многу ги повредија. Мислам дека за сите нас е тешко да простиме, но Господ Исус сака да ни помогне. Дали си научил да им простуваш на другите кои ти направиле лошо - како, на пример, момчето или девојчето, соученици кои толку многу те повредиле?

**Слика 5-3**

Кога имаше луѓе коишто можеа да го преземат раководството во куќата од Кори, таа започна да патува и да раскажува на други места за Господ. Таа се нарече себеси "скитник за Господ".

Најпрвин отиде во Соединетите Американски Држави. Таму зборуваше во црквите и им кажуваше на луѓето дека парите и убавата куќа се работи кои можеш да ги загубиш. Но никогаш не можеш да го загубиш Господ Исус, штом еднаш ќе го повикаш во своето срце. Без разлика колку е голем проблемот или потешкотијата со која се соочуваш, можеш да знаеш дека Бог сè уште те држи во Неговите вечни раце. Таа го имаше искусено тоа кога беше во Равенсбрук. Оваа вистина беше важна за христијаните од Америка; а исто така важна е и за тебе и за мене.

Другпат Кори беше во Хавана, Куба. Тоа беше пред комунистите да дојдат на власт таму. Беше гостин во едно училиште за девојки кое имаше строга управа. Едно утро, додека појадуваше со девојките, доби филџан со топла вода. "Треба ли да ја пијам оваа вода?" Си мислеше Кори. Потоа сфати зошто имаше добиено само топла вода. Ќесичка со чај се подаваше околу и секој можеше да ја подржи ќесичката во својот филџан околу три секунди. Кори беше последната што ја доби, така таа можеше да ја држи ќесичката малку подолго. Можеш да си претпоставиш колку слаб беше чајот: имаше вкус како вода за миење садови.

Таа вечер ѝ беше дозволено на тетка Кори да им зборува на девојките точно само пет минути. Таа ја замоли жената која беше управник во училиштето. "Ќе може ли да зборувам малку подолго? Имам нешто многу важно што сакам да им го кажам на девојките." "Не, не може," одговори жената управник. "Девојките имаат многу за учење. Не можам да ти дозволам повеќе од пет минути; потоа имаат ВАЖНА РАБОТА."

Така Кори се согласи да зборува пет минути. Таа раскажуваше за децата кои ѝ помагаа за време на војната да ги крие еврејските бебиња. Откако зборуваше околу четири минути, одеднаш снема струја; собата потона во целосен мрак.

"Продолжи да зборуваш," управничката ѝ рече на Кори. "Девојките и така не можат да ја пишуваат домашната работа во темница." Кори продолжи да зборува за своите патувања и за децата кои ги запознала во далечните земји. Им раскажуваше за своите искуства - како за среќните, така и за тажните. Таа исто така им раскажуваше за големиот Пријател на децата, Господ Исус, Кој сака да живее во нивните срца и животи.

Девојките слушаа со солзи во очите, додека надвор некои луѓе се обидуваа да го поправат прекинот на струја, колку што можеа поскоро. По еден час струјата повторно проработи. Девојките треба-

ше да заминат за да ја пишуваат домашната работа, но една од нив пред да замине со рацете ја прегрна Кори околу вратот и ѝ прошепоти на уво, "Верувам дека Господ Исус ја прекина струјата, за да можеш да ни раскажуваш за Него."

Кори патуваше по целиот свет; но имаше едно место каде ѝ беше тешко да се врати: тоа беше земјата каде што беше во затвор - во Равенсбрук.

(Покажи ја сликата 1-6)

Се сеќавате ли како Кори, кога беше шестгодишно девојче, се држеше цврсто за оградата на скалите, бидејќи не сакаше да оди во училиште? Што направи татко ѝ? Тој ѝ ги отпушти прстите еден по еден и ја одведе во училиште. Сега нејзиниот Небесен Татко ѝ кажуваше, "Кори, сакам да отидеш во Германија."

**Слика 5-4**

Луѓето од Германија ја дочекаа со многу љубов и љубезност. Таа зборуваше во црквите, во некогашниот затворенички логор кој беше реновиран во камп за бегалци и на многу други места. Зборуваше за Божјата љубов која е како океан во кој Тој ги фрла сите наши гревови; и потоа Бог поставува еден мал натпис, "ЗАБРАНЕТО РИБАРЕЊЕ". Таа сакаше да каже дека штом Бог ќе ни прости, тогаш тие работи не можат повторно да бидат употребени против нас.

Еднаш беше поканета да зборува во една црква во Минхен и еден човек дојде кај нејзе по завршувањето на службата. Кори веднаш го препозна; и на почетокот беше исплашена. Овој човек беше еден од најсуровите чувари во Равенсбрук и тој доаѓаше право накај нејзе. Таа не можеше да се преправа дека не го гледа. Тој не ја препозна; бидејќи таму имаше многу жени.

"Госпоѓице Тен Бум," започна тој. "Јас го прифатив Господ Исус како мој Спасител. Ти зборуваше за океанот на Божјата љубов и дека и моите гревови се таму исто така. Јас би сакал да побарам простување од некој кој бил во тој логор." Тој ја испружи својата рака, велејќи, "Ќе ми простите ли, госпоѓице Тен Бум?"

На почетокот Кори не можеше да се ракува со него. Како би можела да му прости? Но Библијата ни кажува ако не им простуваме на другите, ниту Бог нема да ни прости нам.

"Господе Исусе," таа се молеше во своето срце. "Помогни ми да му простам на овој одвратен човек." Токму тогаш се случи чудо. Љубовта на Господ Исус проструи низ неа. Таа му ја зграпчи испружената рака, ја затресе и искрено мислејќи го тоа му рече: "Ти простувам, брате." Потоа таа често се враќаше во Германија; дури и одвај чекаше да отиде.

Ти и јас не сме биле тепани од затворски чувари, ниту пак малтретирани речиси до смрт. Ние можеме да побараме од Господ да ни помогне да им простиме на другите коишто нè повределе, и дури да ги сакаме оние кои најмногу сме ги мразеле.

Кори патуваше во Африка, Америка, Русија, Индија, Кореја и во многу други земји. Таа отиде и во Тајван, земјата од каде што почнавме денес да раскажуваме.

**Слика 5-5**

Кори се молеше и бараше Господ да ја води на места каде што Тој сакаше таа да отиде. Понекогаш Тој ја водеше во затвор да зборува за Него. Затворот и не е некое убаво место. Сепак, затворот во Руанда беше најлошиот што Кори кога било го беше видела. Таму имаше многу затвореници, така што секој од нив не можеше да биде сместен внатре. Така ноќта половина од нив спиеја внатре, а другата половина надвор. Кога Кори дојде таму, заедно со една мисионерка, надвор истураше дожд. Затворениците седеа надвор, во кал до колениците. Гледаа во Кори со лутина во лицата. Кори одвај можеше да им поверува на своите очи. Како може да им ја донесе Радосната вест на овие кутри луѓе? Не можеше со својата сопствена сила, но Светиот Дух можеше да ѝ помогне да го направи тоа. Во своето срце таа се молеше, "Господе, те молам дај ми океан на твојата милост за да ја споделам со овие бедни луѓе". И Господ ѝ ја услиши молитвата.

Таа им кажуваше на луѓето за Господ Исус Кој толку многу нè сака, што никогаш не нè напушта. Луѓето веројатно си мислеа: "Лесно ѝ е нејзе да зборува така; таа може да го напушти затворот за неколку минути, но ние треба да останеме тука..."

Тогаш Кори им кажа: "Јас самата бев во затвор, кој беше далеку полош од овој. Деведесет и пет илјади жени умреа таму; а една од нив беше и сестра ми. Но во тој пекол на земјата, ние научивме дека Исус никогаш не нè напушта." Додека им зборуваше на овие мажи, Господ ѝ го исполни срцето со мир и радост. Но таа не беше единствената. Господ Исус сака да дојде и да живее во нивните срца и животи исто така. Тој вели: "Стојам на вратата и чукам." Кој од вас сака Господ да влезе во неговиот живот? И тогаш... сите затвореници, исто и стражарите, ги кренаа рацете. Истите лица кои на почетокот изгледаа толку налутени, сега зрачеа од радост.

По подолго задржување, дојде време Кори и мисионерката да заминат. Како што одеа до колата, затворениците и стражарите ги придружуваа, дури и по портата. Никој не ни помислуваше тајно да побегне. Стоеја околу колата и како со еден глас викнаа: "Тетко, дојди пак и кажувај ни повеќе за Исус."

Тетка Кори не можеше да се врати, но мисионерката која беше со нејзе можеше. Од тогаш па натака, таа одеше таму секоја недела. Подоцна таа ѝ напиша писмо на Кори кажувајќи ѝ: "Благосло-

вот продолжува; секојпат други луѓе поверуваат." Новите затвореници исто така се запознаваа со Спасителот.

**Слика 5-6**

Повеќе од триесет години Кори патуваше околу светот. Се нарече себеси "скитник за Господ". Таа исто така напиша книги, кои се преведувани на многу јазици.

Најпосле Кори толку остаре што не можеше да патува за Господ. Бог ѝ даде куќа во САД: таа ја нарече куќата "Шалом", што значи "Мир". Таму живееше со Памела, жената која престојуваше со неа за време на нејзините последни години. Кори уживаше во прекрасната градина, која беше полна со преубави цвеќиња во најразлични бои кои толку многу ги сакаше.

Кори се разболе. Беше толку болна што не можеше повеќе да зборува; а на крајот од нејзиниот живот не можеше ниту да станува од креветот. Но она што сè уште можеше да го прави беше да Го сака Господ Исус и да ги сака другите. Кога Кори имаше 91 година, замина на своето последно патување. Тоа патување беше на нејзината последна дестинација, на небо. Таа можеше да влезе таму бидејќи беше подготвена; го имаше "билетот за на небо". Господ Исус ја плати цената, кога умре за нејзе на крстот.

Дали си подготвен да заминеш на небо? Веруваш ли дека Господ Исус ја плати цената за тебе? Сакаш ли да се одвратиш од гревот и да поверуваш во Господ Исус? Библијата ни кажува, "Кој верува во Синот, има веЫен живот." (Јован 3:36)

**Белешка за учителот:**

Биди подготвен да го објасниш патот за спасението на децата. Можеш да ја користиш "Книгата без зборови" или друга презентација на Евангелието. Биди подготвен да ги советуваш децата на кои им е потребна помош за тоа како да дојдат до Христос.

**Прашања за повторување**

<u>Прашања за повторување од Првата глава</u>

1. Именувај една работа од која се плашела Кори, кога била многу мала.
(Од страшни животни, да оди на училиште, од смртта)
2. Кој Библиски расказ Кори најмногу го сакала?
(Расказот за "Добриот Пастир")
3. Кој е Добриот Пастир?
(Господ Исус)
4. Како можеш да Му припаѓаш на Добриот Пастир Господ Исус?
(Со тоа што ќе се свртиш кон Господ Исус и ќе побараш од Него да те спаси)
5. Што направи Кори за луѓето од Смедестраат кои имаа потреби?
(Се молеше за нив)
6. Зошто не треба да се плашиме за работи кои сè уште не се случиле?
(Бидејќи можеме да Му веруваме на Господ дека ќе ни даде сила да ги совладаме, кога за тоа ќе дојде време)
7. Што направи татко ѝ на Кори, кога таа не сакаше да оди на училиште?
(Тој ја однесе)
8. Како христијани, што е тоа, што нè ослободува од стравот?
(Тоа што знаеме дека Господ Исус е секогаш со нас)

<u>Прашања за повторување од Втората глава</u>

1. Што правеше Кори со татко ѝ во Амстердам?
(Таа отиде со него по продавниците, да купат делови потребни за поправка на часовниците; и заедно гледаа во часовникот кој беше во близина на железничката станица)
2. Зошто Кори толку многу сакаше да патува со татко ѝ?
(Бидејќи можеше да разговара со него за разни работи)
3. Од каде знаете дека семејството беше сиромашно?
(Тие немаа пари да ѝ платат на тетка Ана за она што таа го работеше; а исто така и имаа само малку пари да купат храна)
4. Кој е еден од начините преку кои оваа семејство ја покажуваше Божјата љубов спрема другите?
(Гостите беа секогаш добредојдени во нивниот дом)
5. Што беше тоа посебно нешто кај семејството Тен Бум кое луѓето го откриваа кога ќе им дојдеа во посета?
(Љубовта која тие ја имаа спрема Господ Исус и тоа што Бог беше присутен во нивните разговори)
6. Што направи тетка Жана за војниците од Харлем?
(Имаше соба за нив каде што тие се среќаваа и каде што таа им одржуваше Библиски поуки)
7. Како тетка Жана ги вклучи Кори и Ноли во оваа работа?
(Тие свиреа на органата и им пееја на војниците)
8. Кои се некои од работите што можеш да ги правиш за Господ уште отсега?
(Да поканиш другарче кај тебе дома за да си игра со тебе, да посетиш другарче од училиште кое е болно, да се молиш за мисионерите, да поканиш други деца во клубот на Добрата вест, итн.)

## Прашања за повторување од Третата глава

1. Зошто децата треба да одат на училиште?
(За да научат работи кои им се потребни во животот, како што е читање, математика, географија)
2. Кој е запишан во "Божјото училиште"?
(Секој кој верува во Господ Исус Христос)
3. Што научи Кори во Божјото училиште, додека подолго време лежеше болна в кревет?
(Да го прифати фактот дека е болна, без да знае зошто, и да каже: "Фала ти, Господе" во сите околности)
4. Што откри Кори додека ја поучуваше Библијата на ментално ретардираните деца?
(Дека тие можеа да ги запомнат Библиските лекции и да Го љубат Господ Исус)
5. Кој дојде да живее во домот на семејството Тен Бум, кога само таткото, Бетси и Кори сè уште живееја таму?
(Деца кои не можеа да останат со своето семејство)
6. Што научи Пацк - девојчето кое ја мразеше Тини во Божјото уќилиште?
(Да ги љуби непријателите)
7. Зошто Кори основа клуб за девојките од Харлем?
(За да им даде можност на девојките да слушнат за Господ Исус)
8. Зошто Бог дозволува да поминуваме низ неволи и потешкотии?
(Во тие моменти учиме повеќе да Му веруваме и да сме ѝ послушни на Неговата волја)

## Прашања за повторување од Четвртата глава

1. Која беше најлошата работа што ја правеа нацистите?
(Ги масакрираа Евреите, Божјиот избран народ)
2. На кој народ Му припаѓаше Господ Исус?
(На еврејскиот народ)
3. Како Кори и нејзиното семејство им помагаа на Евреите?
(Со тоа што ги криеја Евреите во својот дом и по други домови за да им помогнат да побегнат од нацистите)
4. Што требаше скриените луѓе да направат кога ќе го слушнеа звукот на ѕвонењето низ целата кукќа?
(Да се скријат колку што можат поскоро во тајната соба)
5. Дали знаете која беше главната причина зошто непријателот не ја пронајде тајната соба додека ја пребаруваше целата куќа?
(Господ Исус ги заштитуваше скриените луѓе)
6. Зошто Бог дозволува страдање во нашите животи?
(За да нè направи послични на Господ Исус)
7. Какво чудо направи Господ, кога Кори и Бетси влегоа во затвореничкиот логор?
(Тој направи возможно Кори да ги понесе со себе својата Библија, џемперот и шишето со витамински капки)
8. Како Бетси и Кори беа ослободени од затвореничкиот логор?
(Бог ја зеде Бетси на небо, а Кори беше ослободена поради нечија "грешка")

## Прашања за повторување од Петтата глава

1. Што мислеше Кори кога рече дека има "билет за на небо"?
(Дека Господ го имаше простено нејзиниот грев и дека ја имаше подготвено да замине на небо)
2. Што ѝ кажа Бетси на Кори пред да умре во затвореничкиот логор?
(Дека ќе треба да се грижат за луѓето кои страдале по затворските логори и дека ќе треба да патуваат по целиот свет да им кажуваат на другите за Господ Исус)
3. Како Господ ѝ овозможи на Кори да зборува повеќе од пет минути во училиштето за девојки во Куба каде што имаше строга управа?
(Снема струја и собата потона во целосен мрак)
4. Во која држава Кори не сакаше да отиде?
(Германија)
5. Зошто таа најпосле отиде?
(Господ сакаше таа да отиде таму)
6. Што се случи кога во Германија таа сретна еден стар чувар од Равенсбрук?
(Тој ја замоли да му прости и Господ ѝ помогна да го направи тоа)
7. Што се случи во затворот во Руанда, кога Кори отиде да го посети?
(Светиот Дух ѝ помогна да им зборува на затворениците и сите Го прифатија Господ Исус за свој Спасител)
8. Што можеше Кори секогаш да направи, дури и кога не можеше да зборува, ниту пак да станува од креветот?
(Таа можеше да Го сака Господ Исус и да ги сака другите)